Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 57, 1 април 2011 година

април 2011 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област теорија на книжевноста на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за научната област лежишта на минерални суровини на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 17

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област хематологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)", Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)", Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип ........ 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ СО ПРАКТИКУМ (ОД I ДО V ОДДЕЛЕНИЕ)“

Трудот „*Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)*“ од авторите проф. д-р Блаже Китанов, м-р Ирена Китанова, м-р Соња Палчевска-Ќосева и Мирјана Меговска претставува прв сеопфатен труд кој со својата физиономија и концепциски решенија може да даде значаен придонес во развојот на едно од дефицитарните подрачја во педагошката литература - *методика на наставата по македонски јазик*. Со овој труд се пополнува голема празнина во стручната литература наменета за идните наставници од одделенска настава, за чиј професионален развој кај нас досега не е водено адекватна грижа.

Користењето на ваков вид стручно-педагошка литература од немакедонски јазични подрачја и автори тешко може да се идентификува како целисходно решение кое објективно би било во состојба да ги почитува специфичностите на македонскиот литературен јазик и на методиката на наставата на ова програмско подрачје. Одредените обиди на тој план претставуваат елаборација на парцијалните проблеми од комплексното подрачје наречено методика на наставата по македонски јазик.

Во таа смисла, значењето на трудот е уште поголемо и понагласено. Вредноста на овој труд е токму неговата комплексност и сеопфатност. Врз основа на тоа, тој може да се користи како учебно помагало за студентите - идни наставници во одделенска настава.

Трудот на авторите проф. д-р Блаже Китанов, м-р Ирена Китанова, м-р Соња Палчевска – Ќосева и Мирјана Меговска е компјутерски обликуван текст, со застапен апликативен дел, графички презентации и илустративни елементи во функција на поддршка на основниот текст (спот - фрагменти, вињети, табеларни прегледи и сл.).

Глобалната структура на трудот содржи 11 поглавја, во кои е застапена теоретската елаборација на одделните аспекти на проблемите од областа на методиката на наставата по македонски јазик, како и апликативни прикази проверени од наставната практика во I, II, III, IV и V одделение.

Во трудот се препознатливи два глобални дела: теоретски основи на основниот проблем и методски прикази од 40 наставни часови на одделенската настава во вид на практикум.

Првиот дел од трудот содржи 11 поглавја во кои се елаборирани основните теоретски проблеми на методиката на наставата по македонски јазик, како и елементи на процесно-изведбените аспекти на наставната реализација со отстапен простор за прашања, забелешки и сугестии во функција на поголема ефикасност во работата. На крајот на секое поглавје е понудена добро смислена дидактичка апаратура, чиј инструментариум е со функција на добивање повратна информација од корисникот / читател на трудот. Овој инструментариум се однесува на маркантните проблеми елаборирани во секое поглавје. Ваквото микроструктуирање на секое поглавје овозможува своевидна сознајна интеракција со корисникот на трудот, неговото преиспитување и можност за размисла врз понудените решенија и ставови.

По воведниот дел, авторите во наредните неколку теми вршат сознајно етаблирање на основниот проблем на трудот преку елаборација на прашањата: местото и улогата на методиката на наставата по македонски јазик во системот на педагошките дисциплини, релационите условености на методиката со базично-стручното јадро (македонски јазик и литература) и другите подрачја што оваа научна дисциплина ја прават комплексна и мултидисциплинарна.

Своевидно педагошко, психосоцијално и когнитивно етаблирање авторот обезбедил и преку елаборација на проблемите на психофизичките карактеристики на децата од првата училишна возраст, како крајни корисници на програмските содржини и учесници во наставно - сознајните процеси во рамките на наставата по македонски јазик.

Во второто глобално поглавје е елабориран проблемот на почетното читање и пишување во кое вниманието на читателот е насочено кон методите, постапките и техниките за идентификација на читањето како цел и познавањето / осознавањето на буквите како средство (за читање). Обработени се сите основни и помошни поими, активности и процесни постапки за совладување на основната писменост како почетна фаза на писмена култура.

Третото поглавје го елаборира проблемот на видовите читање како носечка активност во наставниот процес во почетните одделенија на основното образование. Авторите користат симбиотичен критериум за класификација со што се дава можност корисникот / читател да ги запознае сите видови читање кои можат да ги изведуваат учениците во одделенската настава; гласно читање (на наставникот и ученикот), читање во себе, логичко читање, изразно, насочено, истражувачко, критичко, диференцирано, творечко читање, читање по улоги и хорско читање. Во трудот се дадени куси осврти за секој вид читање и се изложени нивните методски вредности.

Четвртото поглавје е посветено на едно од најсложените прашања во методиката на наставата по македонски јазик - интерпретација на уметнички текст. Сосема оправдано, авторите ги наведуваат основните принципи на процесно-изведбените аспекти на ова програмско подрачје и тоа според соодветниот литературен род и литературен вид. Со неопходните детали и со практична поткрепа во ова поглавје се презентирани низа елементи и категории од областа на општата теорија на литературата како основа за методичка трансформација, како и етапите на своевидниот метамодел за интерпретација врз основа на: содржинската, идејно-тематската, јазично-стилската, естетската и етичката анализа на уметничкото литературно дело (временска и просторна локација на дејството, идентификација на основните ликови како носители на дејството, опис, постапка, реакции и морални вредности на ликовите и сл.).

Во петтото поглавје е елабориран проблемот на културата на изразување на ученикот, насловена како писмено и усно изразување. Во ова поглавје се презентирани методските димензии на несамостојните, полусамостојните и самостојните писмени вежби и состави на учениците кои најчесто се применуваат во одделенската настава на основното училиште. За секој вид писмен израз се понудени можни решенија за реализација, микроструктура на часот и урнеци од трудови на учениците како продукти на реализираните и осмислените активности на наставникот.

Во шестото поглавје се презентирани методските аспекти на реализацијата на наставните часови по граматика и правопис, а во седмото - медиумска култура (театар, филм и телевизија), како посебно програмско подрачје во наставата по македонски јазик.

Во наредните поглавја авторите се задржуваат на низа значајни проблеми во наставата воопшто кои имаат допирни точки со наставата по македонски јазик; посебни форми на наставна работа во која се обработени организационите аспекти на додатната, дополнителната, вонредната и продолжителната настава, како и содржината и организацијата на вонnаставните активности во рамките на ученичките секции.

Посебно поглавје од трудот го обработува прашањето за вреднувањето на знаењата и активностите на учениците каде се промовира аналитичкото развојно и продуктно оценување, за разлика од кумулативното, кое е најподатливо и соодветно за вреднување на активностите што се одвиваат во наставата по македонски јазик наменета за ученици од првите одделенија на основното училиште.

Во трудот е елаборирано и прашањето за изведување на настава во комбинираните одделенија кои се дел од нашата наставна практика и во кои наставата по македонски јазик има своевидна внатрешна динамика и претставува методска основа за речиси сите интегрирачки елементи на наставата.

Вториот дел од трудот, според својата физиономија и концепциските решенија претставува практикум. Во овој дел се поместени 40-тина методски разработки на часови од прво до петто одделение. Според дадените елементи, сите разработки се автентични, со познати реализатори и проверени во практиката. Овој дел од трудот претставува драгоцен придонес за наставниците кои можат да анализираат многу нови идеи методско обликувани фрагменти од наставата по македонски јазик.

Трудот „*Методика на наставата по македонски јазик во деветгодишно основно образование со практикум (од I до V одделение)*“ претставува сериозен авторски потфат и творечки предизвик во кој се вложени силна творечка моќ и евидентен напор. Искрено се надеваме дека овој труд ќе одговори на потребите на идните наставници како учебно помагало, но и како методска поддршка на сите практичари од одделенска настава.

**РЕЦЕНЗЕНТ**

**Проф. д-р Емилија Петрова - Ѓорѓева, с.р.**
**Педагошки факултет**
**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип**